РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 04-146/7
16.04.2020 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Врз основа на член 11 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18, и(„Службен весник на РСМ" бр. 275/19 и 14/20), а согласно Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборниот процес бр.44-2413/1 од 21.03.2020 година („Службен весник на РСМ" бр. 72/20), Секретарот на Општина Валандово донесува

## ОДЛУКА
## за продолжување на започнатата постапка по Интерен оглас бр.01/2020 за унапредување на административен службеник во администрацијата на Општина Валандово

1. Постапката за унапредување на административен службеник во администрацијата на Општина Валандово по Интерен оглас бр.01/2020, **продолжува**, согласно Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборниот процес, донесена од Владата на Република Северна Македонија под бр.44-2413/1 од 21.03.2020 година („Службен весник на РСМ" бр. 72/20), поради прекин на изборните дејствија за спроведување на изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, закажани за 12 април 2020 година.

2. Постапката ќе продолжи со спроведување на наредните фази на постапката.

### Образложение

Поради распишување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија од страна на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, со Решение бр. 09-1422/1 од 16 февруари 2020 година („Службен весник на РСМ" број 43/20), Секретарот на Општина Валандово во согласност со член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик со Одлука бр.04-146/6 од 17.02.2020 година ја стави во мирување започнатата постапката за унапредување на административен службеник во администрацијата на Општина Валандово по Интерен оглас бр.01/2020 .

Бидејќи Владата на Република Северна Македонија со Уредба со законска сила за прашања поврзани со изборниот процес бр.44-2413/1 од 21.03.2020 година ги прекина сите изборни дејствија за спроведување на изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, кои беа закажани за 12 април 2020 година, повеќе не постои законска пречка започнатата постапка за унапредување на административен службеник во администрацијата на Општина Валандово по Интерен оглас бр.01/20, да продолжи.

Имајќи го тоа во предвид се одлучи како во диспозитивот на оваа Решение.

Секретар
на Општина Валандово
Боро Киров